Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-303/4
Дата: 25-07-2022

# ЗАКЛУЧОК

**За отфрлање на претставка заради неуредност**

**СЕ ОТРФЛА** претставката бр.08-303/1 од 23.05.2022 поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] за ширење на вознемирувачки говор врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, личен и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет, извршено на социјалната мрежа „Твитер", во смисла на член 24 став 1 и став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## Образложение

На 23.05.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од [redacted] од Скопје против [redacted], со наводи дека на 14.05.2022 година, во 22:07 часот, а подоцна и во 23:29 часот, на социјалната мрежа „Твитер" објавила текстови со вознемирувачки содржини со кои, според нив: поттикнала дискриминација и насилство кон ЛГБТИ+ заедницата.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: *податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејствија што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.*

Во овој случај, Комисијата утврди дека поднесената претставка не ги содржи бараните податоци за лицето против кого се поднесува, согласно член 24 став 2, на 30.05.2022 година, Комисијата испрати Барање за доуредување на претставката, заведено под бр.08-303/3, во кое се бара подносителот да ја дополни претставката со податоци за потенцијалниот дискриминатор, во законски уредениот рок од 8 дена од приемот на Барањето.

Истиот ден, [redacted] испрати електронски допис на службената електронска адреса на Комисијата со известување дека лицето против кого ја поднесуваат претставката – [redacted] била вработена во ОЈО Скопје, без да наведат никакви попрецизни и дополнителни податоци за неа.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Со оглед дека во законот е предвидена обврска на подносителот да достави целосни податоци за лицето против кое ја поднесува претставката за заштита од дискриминација, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка како неуредна.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател

М-р Кире Василев

Скопје, 21.07.2022

До: [redacted]